РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1409/8
17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-1409/1 од 25.04.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што утврди дека во однос на пријавените наводи веќе има постапено по друг предмет и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1409/1 од 25.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 25.04.2025 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, вршител на должноста директор на НУ /// – /// во периодот од јануари 2018 година до јануари 2020 година и директор на НУ /// – /// во периодот од јануари 2020 година до 2024 година, и оформен е предмет број 12-1409/1 од 25.04.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско унапредување на пријавеното службено лице во повисоко стручно звање во текот на вршењето на функцијата директор на НУ /// – ///.

Според наведеното во пријавата, ///, која пред да биде именувана за директор на НУ /// – /// имала стручно звање ///, во текот на вршењето на функцијата директор и во услови на мирување на правата од работен однос на работното место на кое била вработена пред да биде именувана за директор, се стекнала со повисоко стручно звање – ///, на што претходело вршење на промена на актот за систематизација на работните места во установата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Подносителот на пријавата се сомнева дека при унапредувањето на /// во повисоко стручно звање во текот на вршењето на функцијата директор на НУ /// – /// било постапено спротивно на членот 31 од Законот за работни односи, спротивно на членот 151 од Правилникот за работни односи и спротивно на одредбите на Законот за култура и на Законот за административни службеници, со што пријавеното службено лице стекнало материјална корист.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до НУ /// – ///, до Државниот инспекторат за труд, до Државниот управен инспекторат и до Министерството за култура.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Службеното лице /// била именувана за вршител на должноста директор на /// почнувајќи од /// година заклучно со /// година, кога била разрешена од функцијата, по што, по спроведена постапка по јавен оглас, врз основа на Решение на министерот за култура од /// година, била именувана за директор, со мандат од четири години. Врз основа на Решение на министерот за култура од /// година, /// по втор пат била именувана за директор на ///, а со Решение за престанок на мандат од /// година предвремено била разрешена од оваа функција, по што од страна на актуелниот в.д. директор на /// на /// година било донесено Известување за престанок на мирување на работен однос и враќање на работа на ///, на работното место ///.
Службеното лице /// на работно место /// била распоредена врз основа на Решение од /// година, донесено од страна на тогашниот директор на ///.
Врз основа на Решение донесено на /// година од страна на /// во својство на директор на НУ /// – ///, /// била распоредена на работното место ///, и тоа во Секторот за ///, Одделение за ///, со повисоко звање – ///, при што бил определен и основ за утврдување и пресметување на плата со соодветен коефициент.
На донесувањето на Решението од /// година, за распоредување на /// на посоченото работно место и во повисоко звање, претходело донесување на Правилник за систематизација на работните места во /// (бр./// од /// година), на којшто од страна на МИОА била дадена согласност на /// година. Во Правилникот за систематизација на работните места во /// (бр./// од /// година) било предвидено работното место ///, со повисоко стручно звање – ///, и посебен услов – стекнато стручно звање ///.

Во НУ /// – /// бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура, од аспект на примена на

одредбите од Законот за култура во конкретниот случај на унапредување, а врз основа на Наредба /// од /// година од Министерот за култура и туризам.
Имено, при инспекцискиот надзор бил утврден сторен прекршок по член 28 став 2 точка 6 од Законот за култура - немање на добиена согласност за обезбедени средства за тековната фискална година од Министерството за финансии за предметното распоредување/унапредување на лицето ///. Следствено, на Заводот му било издадено Решение /// од /// година, за отстранување на утврдените недостатоци од аспект на примена на одредбите од член 28 став 2 точка 6 в.в. со член 76-а од Законот за култура и член 31 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, како и член 77-а став 5 од Законот за културата.
За констатираната сторена повреда на член 28 став 2 точка 6 в.в. со член 76-а од Законот за култура, за донесување акти спротивно на овој закон, што е казниво по член 91 став (1) алинеја 1 и став (2) од истиот Закон, инспекторот констатирал дека поради застареност на прекршокот не може да се поведе прекршочна постапка против сторителот, поради поминати две години од денот кога е сторен прекршокот односно од /// година - денот кога тогашната директорка /// го донела Решението за нејзино распоредување.
При контролен инспекциски надзор на Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура над субјектот НУ /// – /// било утврдено дека не е отстранета неправилноста од аспект на примената на одредбата од член 77-а став (5) од Законот за културата, односно дека Заводот сè уште врши исплата на плата за работното место ///, со повисоко стручно звање – ///, за коешто нема потребна претходна согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, поради што на субјектот на надзорот му била изречена мерка – наредба за отстранување на утврдената неправилност согласно член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 14, член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (3) и (4) од Законот за инспекциски надзор.

*Според член 63 став 6 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019 и 272/2024) (понатаму: Закон), субјектот на инспекциски надзор е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.*
*Според член 64 од Законот, целта на инспекцискиот надзор е превентивно делување или преземање на мерки за спречување или отстранување на последиците врз заштитените добра, права или интереси, како и изрекување на инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.*
*Според член 76 став 1 од Законот, потребно е да се спроведе контролниот инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во*

*инспекцискиот акт, при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор: постапил по инспекцискиот акт во целост; делумно постапил по инспекцискиот акт и; не постапил по инспекцискиот акт.*

*Според став 2 од истиот член, непостапувањето односно делумното постапување по инспекцискиот акт, претставува основа за примена на инспекциска мерка во согласност со закон.*

*Според член 79 став 2 точка 6 од Законот, инспекторот при вршењето инспекциски надзор, има право: да му изрече на субјектот на инспекциски надзор опомена или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, согласно со овој или друг закон;*

*Според став 2 точка 8 од истиот Закон, инспекторот при вршењето на инспекциски надзор, има право:* ***да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор, до надлежен орган, кој пак е должен, за својата одлука да го извести инспекторот.***

*Според член 82 став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/2024),* ***инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во културата го вршат инспектори за култура (инспектор).***

Во текот на постапувањето по предметот ДКСК утврди дека во однос на пријавените наводи веќе има постапено по предмет со број 12-163/1 од 10.01.2025 година по кој има донесено Одлука бр.12-163/2 од 09.09.2025 година. Во рамки на предметот со број 12-163/1 од 10.01.2025 година ДКСК оценила дека во врска со случајот инспектор за култура при вршење на инспекциски надзор над субјектот НУ /// – /// веќе утврдил неправилности и констатирала дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган, кој согласно член 82 став 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став 2 точка 8 од Законот **има право да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор, до надлежен орган, кој пак е должен, за својата одлука да го извести инспекторот.** Следствено, врз основа на Одлука бр.12-163/2 од 09.09.2025 година, ДКСК предметот го има вратено на понатамошно постапување до Министерството за култура и туризам, Секторот за управен и инспекциски надзор, од причина што се законски надлежни за понатамошно постапување согласно констатираните неправилности.

Врз основа на погоре наведеното, ДКСК цени дека околностите на предметниот случај веќе ги има земено предвид во постапувањето по предметот број 12-163/1 од 10.01.2025 година и дека во однос на истите веќе се произнела со свој став содржан во Одлуката бр.12-163/2 од 09.09.2025 година, при што останува на веќе искажаниот став содржан во Одлуката бр.12-163/2 од 09.09.2025 година.

Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930